**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 и членовите 60, 61, 64, 65, 66 и 67 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20 ) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **28.02.2020** година донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ, ПРИЕМ И ПОТВРДУВАЊЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2020 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Кандидат за пратеник може да биде државјанин на Република Северна Македонија, ако:
   - наполнил 18 години живот и
   - има деловна способност.
2. Кандидат за пратеник, не може да биде лице кое:
   - е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување се уште не е започнато и
   - се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

3. Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи.

4. Во коалицијата која учествува на изборите може да учествуваат само регистрирани политички партии.

5. Договорот за коалицирање не може да го склучат граѓански организации и фондации и коалицијата не може да користи име и симбол на граѓанска организација или фондација.

6. Договорот за коалицирање го склучуваат претставниците на политичките партии кои настапуваат заедно и тој го содржи името на коалицијата, симболот и изборната/те единица/и во која настапуваат заедно.

7. Листата на кандидати ја потпишува лично овластен претставник на подносителот на листата.
8. Називот на листата се означува според името на подносителот на листата.

9. Ако подносител на листата на кандидати е група избирачи, називот на листата се означува со "група избирачи" и со името и презимето на кандидатот.

10. Државната изборна комисија го утврдува субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на пратеници врз основа на договор на политичките партии кои настапуваат како коалиција на изборите.

## II. ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ЗА ПРАТЕНИЦИ Е ГРУПА ИЗБИРАЧИ СО СОБРАНИ ПОТПИСИ

1. Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица образец бр.2 пропишан од Државната изборна комисија.

2. Начинот и постапката за собирање потписи се уредуваат со Правилникот за регулирање на постапката за собирање потписи и начинот на определување на нотарите.

3. Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство потребно е да се соберат најмалку 1000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на ДКП односно конзуларните канцеларии на образец бр.2гс пропишан од Државната изборна комисија.

4. Начинот и постапката за собирање потписи во ДКП/КК се уредуваат со посебно Упатство.

## III. СОДРЖИНА НА ЛИСТАТА ШТО СЕ ПОДНЕСУВА

1. Поднесената листа на кандидати за пратеници содржи:
   - број на изборна единица,
   - назив на листата,
   - име и симболот ако го има на подносителот на листата,
   - име и презиме на носителот на листата,
   - име и презиме на секој кандидат за пратеник и содржи онолку кандидати колку што се избираат во изборната единица со означување на нивното постојано живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот,
   - изјава за припадност на одредена заедница,
   - изјава за прифаќање кандидатура за пратеник која е неотповиклива;
   - фотокопија од важечка лична карта или патна исправа.

2. За политичките партии се доставува:

   - Потврда од надлежен суд за регистрација на политичката партија во оригинал или копија заверена на нотар;
   - Образец број 4 или 4гс (доколку листата се поднесува за ИЕ7) - Листа на кандидати, во оригинал;

- Образец број 1- Изјава за прифаќање на кандидатура за секој кандидат од листата на кандидати, во оригинал;
- Образец број 27- Изјава за припадност на одредена заедница за секој кандидат од листата на кандидати, во оригинал;
- Копија од важечка лична карта или патна исправа за секој кандидат од листата на кандидати;
- Симбол (доколку го има), во електронска форма на погоден медиум;

3. За коалиции се доставува:

- Образец број 8 - Договор за настапување како коалиција, во оригинал или копија заверена на нотар;
- Потврда од надлежен суд за регистрација на секоја политичката партија во коалицијата, во оригинал или копија заверена на нотар;
- Образец број 4 - или 4гс (доколку листата се поднесува за ИЕ7) Листа на кандидати, во оригинал;
- Образец број 1- Изјава за прифаќање на кандидатура за секој кандидат од листата на кандидати, во оригинал ;
- Образец број 27- Изјава за припадност на одредена заедница за секој кандидат од листата на кандидати, во оригинал;
- Копија од важечка лична карта или патна исправа за секој кандидат од листата на кандидати
- Симбол (доколку го има), во електронска форма на погоден медиум;

4. За група избирачи се доставува:

- Образец број 2 или 2гс (доколку се собирани потписи за кандидати во странство)- Собирање потписи од 1000 избирачи во оригинал;
- Образец број 3 или 3гс (доколку листата се поднесува за ИЕ7) - Листа на кандидати поднесена од група избирачи, во оригинал;
- Образец број 1- Изјава за прифаќање на кандидатура за секој кандидат од листата на кандидати, во оригинал ;
- Образец број 27- Изјава за припадност на одредена заедница за секој кандидат од листата на кандидати, во оригинал;
- Копија од важечка лична карта или патна исправа за секој кандидат од листата на кандидати
- Симбол (доколку го има), во електронска форма на погоден медиум;

5. Секој подносител на листа доставува Образец/Доказ за обезбеден ЕДБ, со назнака „за изборна кампања" и отворена транскациска сметка со назнака „за изборна кампања",во оригинал или копија заверена на нотар;

6. Во поднесената листа на кандидати за пратеници најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол, и тоа: на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.

7. Редоследот на кандидатите во листата на кандидати го утврдува подносителот на листата.

8. Листите на кандидати за пратеници, овластените претставници на предлагачите ги доставуваат до Државната изборна комисија.

9. За потребите за прибирање на потребните документи по службена должност, како и објавување на потврдените листи во дневниот печат, поднесителот, поднесените листи на кандидати ги доставува до ДИК и во електронска форма, веднаш по поднесувањето на листите на кандидати.

10. При поднесувањето на листите, доколку овластениот подносител не ги доставува лично, задолжително доставува овластување за определување на овластен претставник на подносителот на листата или негов заменик.

*11.* Листите на кандидати за пратеници се доставуваат до Државната изборна комисија најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на изборите. *(најдоцна до 12 март 2020 година, 24:00 часот)*

## IV. ПРОВЕРКА НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ

1. ДИК по приемот на листите на кандидати, утврдува:
   - дали истата е поднесена во утврдениот рок,
   - дали е составена во согласност со одредбите на Изборниот законик и
   - дали се доставени бараните прилози кон поднесената листа на кандидати.

2. Дејствијата во постапката за проверка на поднесените листи, ДИК ги врши по следниот редослед:

   - утврдува дали листата е поднесена навремено, во рокот определен со роковникот на ДИК;
   - утврдува дали листата е поднесена на образец пропишан од ДИК;
   - утврдува дали листата е потпишана лично од овластениот претставник на подносителот;
   - утврдува дали истиот подносител претходно нема поднесено друга листа на кандидати;
   - утврдува за секој од кандидатите, дали не е претходно кандидиран од друг подносител на листа;
   - утврдува дали со поднесената листа, подносителот ги доставил сите потребни прилози и дали прилозите се во предвидената форма и содржина.

3. За листа на кандидати предложени од групи избирачи
   - дали собраните потписи се на соодветен образец;
   - дали образецот е заверен од овластеното лице од ДИК, ДКП или нотар;
   - Дали во образецот е наведено име и презиме, постојано живеалиште и ЕМБГ на предложените кандидати;
   - Дали образецот содржи име и презиме, ЕМБГ и најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во Избирачкиот список на изборната единица за која се поднесува листата;
   - име и презиме и ЕМБГ на кандидатот или од него овластено лице или лица.

4. Државната изборна комисија проверува преку проверка на податоците во соодветните регистри и евиденции на надлежните институции дали кандидатот за пратеник:
   - е државјанин на Република Северна Македонија;
   - наполнил 18 години живот;
   - има деловна способност;
   - е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие

издржување се уште не е започнато;
- се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

5. Институциите кои ги поседуваат податоците за исполнетост на условите се должни истите да ги достават во електронска форма на Државната изборна комисија во рок од 24 часа од приемот на барањето без никаков надомест.

## V. ПОТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТИТЕ НА КАНДИДАТИ

1. Ако ДИК утврди дека листата е поднесена во определениот рок и е составена во согласност со одредбите од Изборниот законик, поднесената листа ќе ја потврди со решение.

2. Ако ДИК утврди дека листите се поднесени ненавремено, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот.

3. Ако Државната изборна комисија утврди дека во листата има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, односно прво потпишаниот пратеник на листата на кандидат, да ги отстранат неправилностите во рок од 48 часа од приемот на известувањето на комисијата за неправилностите.
4. Во случај на неправилности во врска со податоците за кандидатите кои ДИК ги обезбедува по службена должност, подносителот на листа, може да го замени предложениот кандидат што не ги исполнува условите со нов кандидат во истиот рок од 48 часа и за истиот е должен самиот да ги обезбеди доказите за исполнување на условите:
   - дека кандидатот не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување се уште не е започнато;
   - не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело и
   - е државјанин на Република Северна Македонија;

5. Ако Државната изборна комисија утврди дека листата е поднесена во определениот рок и констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во рокот од 48 часа, поднесената листа ќе ја потврди со решение.

6. Ако Државната изборна комисија утврди дека констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листите не ги отстраниле во рокот од 48 часа, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од истекот на рокот за отстранување на неправилностите во листата.

7. Против решението на Државната изборна комисија за отфрлање на листата може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија преку Државната изборна комисија во рок од 24 часа од приемот на решението.

8. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата.

9. Доставување на тужба по пошта не е дозволено.

## VI. ЕДБ И ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА СО НАЗНАКА „ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА“

1. Подносителите на листи на кандидати , задолжително обезбедуваат ЕДБ (единствен даночен број) со назнака „за изборна кампања“ и кај носител на платен промет во Република Северна Македонија

отвораат трансакциска сметка со назнака „за изборна кампања“. Оваа активност тие ја преземаат најдоцна 48 часа по потврдување на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишување на изборите.

2. Доказот за обезбеден ЕДБ, потврда од Централен регистар на РСМ и отворената трансакциска сметка се доставува во оригинал до ДИК, најдоцна во рок од 48 часа по потврдување на листата.

3. Ако подносителот на листа на кандидати не обезбеди ЕДБ и не отвори трансакциска сметка, односно ако во рок од 48 часа по потврдување на листата не го достави до ДИК доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциска сметка, потврдената листа на кандидати, се поништува со решение на ДИК.

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Ова упатство влегува во сила на денот на донесувањето и се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број 10-686/1**
**03.03.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**